РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 02.10.2008 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6484 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот ***македонски јазик*** за I одделение за деветгодишно основно образование за учениците со аутизам .

**НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
АУТИЗАМ**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## I ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Скопје, мај 2008**

# 1. ВОВЕД

Наставата по предметот македонски јазик ја дава основата на писменоста на мајчиниот јазик. Наставата по овој наставен предмет кај учениците треба да предизвика свест за постоење на можност за комуникација со средината, да предизвика интерес, љубов и желба за употреба на македонскиот јазик како основно средство за описменување и стекнување нови знаења и комуникација.

Преку наставата од наставниот предмет македонски јазик, учениците треба да стекнат претстава дека мекедонскиот јазик е државен јазик на Република Македонија, со што ја обликуваат националната и државничката свест за почит и толеранција кон останатите јазици и националности.

Учениците со аутизам преку изучувањето на содржините од програмските подрачја од предметот македонски јазик, треба да стекнат претстава и знаења за (основите на комуникацијата, литературата, медиумската култура и основите за читање и пишување) како значајни компоненти и средства за натамошно развивање на комуникациските способности* со средината. Преку содржините од предметот македонски јазик, учениците воедно треба да ги запознаат и другите средства за изразување и информирање како што се литературата за деца и следењето и манипулацијата со медиумите и нивните форми (емисии, филмови, реклами, цртани филмови).

Исто така кај учениците преку слушањето на јазикот и читањето треба да се поттикне развојот на говорот, за стекнување самодоверба во вербалната размена со средината, за непречено изразување на своите желби, потреби, чувства, мисли и креативност.

* Учениците со аутизам, поради отсуството на способност за воспоствување на комуникација со средината, преку адекватен пристап и правилно запознавање и усвојување на содржините од овие програмски подрачја од предметот македонски јазик треба да стекнат способност за постепено навлегување во основите на комуникациската вештина и нејзино користење како средство за размена.

Според наставниот план за македонски јазик во I одделение се планирани по 6 часа неделно, односно 216 наставни часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да развива чувство на припадност кон Република Македонија преку изучување на македонскиот литературен јазик;
- да се воведува кон правилно користење на македонскиот литературен јазик во меѓусебното разбирање, размислување, учење и творење;
- да се воведува кон самостојно и јасно/разбирливо читање и пишување на текстот што го чита и пишува и разбирање на содржината согласно можностите;
- да се воведува во медиумската култура како основа за меѓучовечко комуницирање;
- да води разговор со други лица и да ги усвојува основните начела за меѓусебно разговарање и разбирање;
- да ги усвојува и увежбува основните правописни правила постепено започнувајќи од глас, графема,фонема, збор и зборови во реченица;
- да стекнува самодоверба за изразување на своите мисли и своето доживување;
- да развива интерес за книгата како извор на информации;
- да се запознае со другите јазици во Р.М , но на степен на различност од македонскиот;
- примена на ИКТ како помош во наставата пред се, во корелација на слика и текст.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да развива чувство на припадност кон Република Македонија преку изучување на македонскиот литературен јазик
- да ги стекне основите на комуникациската размена со средината;
- да се поттикне за користење на вербалната и невербална комуникација;
- да стекне сигурност во воспоставување на контакт со другите;
- да се воведе во основите на литературата и нејзините карактеристики;
- да се запознае со можноста за информирање и учење за светот од медиумите (телевизија, печат, радио.)
- да се поттикнува за користење на говорот за изразување на емоции, желби, потреби, мисли;
- да стекне основа за читање и пишување;
- да ја развие графомоториката;
- да ја развие концентрацијата и вниманието;
- да ја развие визуомоторната контрола и координација;
- да се поттикнат мисловните процеси (помнење, анализирање, синтетизирање, логичко мислење)
- да стекне основни навики за седење и работа на час;
- да се воведува во користење на елементи на ИКТ во функција на предметот (согласно можностите) .

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: КОМУНИКАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими*** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br><br>- да се адаптира во училиштето; | - Моето училиште<br>- Училиштни простории | - Училиште,<br>- училница,<br>- тоалет,<br>- кујна.<br>(Напомена: кај учениците со аутизам учењето на поими е отежнато не го поврзуваат прецизно поимот со конкретната активност или предмет. Нивните научени поими се толку генерализирани што, често еден поим значи цела активност или настан. Поимите кои овде се спомнуваат треба да се употребуваат при активностите ---за нивно водење низ постапноста до реализацијата на целта) | - Прошетка на учениците низ училиштето, покажување и разгледување на училишните простории и објаснување за што служи секоја од нив.<br>- Поминување извесно време во секоја од просториите во учиштето.<br>- Активности со учениците во секоја од просториите и запознавање со предметите во нив.<br>- Активности во секоја од просториите во училиштето почитувајќи ја постапноста во извршувањето и намената за која служат (вежбање во понатамошниот период).<br>- Учењето и намената на просториите во училиштето може да се повторува и со помош на илустрации.<br><br>(Напомена: при реализацијата на активностите кај учениците со аутизам, најважна е *постапноста* при одредена активност) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособи да го развие чувството за туѓото присуство; | - Јас и моите другарчиња | - Другарче,<br>- имиња на учениците. | - Вклучување на учениците во заедничка активност и размена: еден кон еден, еден кон сите, секој со секого, сите кон еден. |
| - да развие свест за својата припадност во групата;<br>- да развие свест за своето место во групата;<br>- да развие свест и чувството за постоењето на другите во групата; | - Да си играме заедно | - Игра,<br>- дај ми,<br>- дај му,<br>- донеси,<br>- однеси,<br>- земи. | - Се создаваат ситуации низ активности и/или игри во кои придонесот на секој ученик е важен за конечниот резултат на активноста или целта на играта. |
| - да го развие визуелниот контакт при обраќањето на другите кон него;<br>- да се оспособи да ја разбира туѓата вербална и телесна реакција;<br>- да се ослободи од чувството на страв и несигурност во комуникацијата; | - Имитација и извршување на едноставни барања | - Прави,<br>- ти,<br>- јас,<br>- гледај. | - Со учениците се реализираат активности и/или игри кои им се омилени со предмети и играчки кои најмногу ги сакаат во кои наставникот индивидуално работи со ученикот, а ученикот пак е цело време активен.<br>- Се вклучуваат демонстрација, драматизација и импровизација при игровните активности.<br>- Учениците имитираат одредени дејства кои наставникот ги прави претходно, а, истите им се омилени. Потоа сами, на барање на наставникот извршуваат исти или слични дејства. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја развива својата реакција во комуникацијата; | | | |
| - да ја зголеми концентрацијата при комуникацијата; | - Комуникација со наставникот | - Каде,<br>- како,<br>- ти,<br>- јас. | - Како предуслов за овој вид активности наставникот треба да воспостави контакт со ученикот, а, потоа преку предмети кои ученикот ги преферира или активности кои сака да ги прави да го условува неговото внимание и контакт што подолго да трае. |
| - да го зголеми вниманието при комуникацијата; | | | |
| - да го зголеми времетраењето на контактот при комуникацијата; | | | |
| - да се оспособи да имитира одредени постапки и зборови во комуникацијата; | | | |
| - да се оспособи да реагира кога ќе го чуе своето име; | - Меѓусебно повикување по име и обраќање | - имиња на учениците | - Наставникот треба да вежба довикување на ученикот по име, при што тој треба да реагира на довикувањето. Постапката се врши во иста просторија и во простории кои се ооделечени од него. |
| - да научи што поголем број лични имиња од окружувањето; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознае со значењето на зборовите (НЕ и ДА);<br>- да се оспособи соодветно да реагира на НЕ и ДА;<br>- да се поттикне да употребува НЕ и ДА; | - Запознавање и употреба на зборчињата НЕ и ДА | - НЕ,<br>- ДА,<br>- може. | - Наставникот при реализација на содржините и другите активности кои корелираат со темата треба енергично да реагира на постапките на ученикот кои значат НЕ, и да ги нагласува постапките кои значат ДА, воедно да го поттикнува ученикот да ги имитира и употребува овие зборчиња во конкретни, адекватни ситуации. |
| - да се оспособи да ги користи предметите на правилен начин;<br>- да се оспособи за извршување на наједноставни барања од наставникот;<br>- да ги разбира и именува наједноставните постапки (јадам, одам, се качувам, скокам); | - Запознавање со предметите во непосредното опкружување и постапките за нивна правилна употреба | - Табла,<br>- креда,<br>- сунѓер,<br>- маса,<br>- стол,<br>- хартија,<br>- чинија,<br>- чаша,<br>- лажица,<br>- вилушка. | - Наставникот треба низ наставната содржина, учениците да ги запознава со предметите од непосредното окружување и со постапките за нивна употреба, водејќи сметка за постапноста - предметите во: училницата, тоалетот, кујната и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособи за поздравување при доаѓање и заминување;<br><br>- да се оспособи за поздравување со мимика, гестикулација и движење; | - Поздравување | - Добро утро,<br>- добар ден,<br>- пријатно,<br>- довидување. | - Преку конкретни ситуации и импровизации наставникот треба да им објасни на учениците за местото и начинот на поздравување.Да се поттикнува да поздравува користејќи мимика, насмевка и гестикулација. |
| - да се поттикне за вербално и невербално изразување на своите потреби;<br><br>- да се поттикне за поврзување на невербалното со вербално изразување;<br><br>- да научи што поголем број имиња на предмети; | - Барам - добивам | - Каде е,<br>- горе,<br>- долу. | - Наставникот преку веќе остварениот контакт со учениците создава ситуации на “посакувана играчка”, “посакувана активност” со кои ученикот треба да се мотивира сам да ги бара, како на невербален така и на вербален план. Воедно да се користи секое време ученикот да се запознава со имињата на нови предмети.<br>- За реализација на оваа цел може да се користат и игрите: „Криенка”-во која се криjат предметите а, ученикот треба да го побара, знаејќи каде е; или играта „Горе-долеу”- каде саканиот предмет се става горе-на високо, па ученикот неможејќи да го дофати треба да го побара и евентуално да каже каде е- „горе”, „долу” или како се вика предметот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги прифати и усвои постапките од системот за дневен ритам, од влегувањето до излегувањето од училиштето; | - Ориентација во дневните активности во училиштето | - Сега,<br>- после,<br>- денес,<br>- утре. | - Имајќи ја предвид постапноста како најпристапна методолошка форма за учениците со аутизам, наставникот мора да води сметка ученикот постојано да знае што е сега и што следува. Не треба да дозволи ученикот да „талка” и да чувствува несигурност и вознемиреност поради тоа.<br>- Кон оваа цел се користат „структуирани распореди на активности” кои можат да бидат за 1 час, за цел ден, за цела недела. |
| - да ја усвои визуелната структура и распоредите во наставата; | - Ориентација во структурата на училницата и дневниот распоред на часови | - Место за пишување,<br>- место за цртање,<br>- место за јадење,<br>- место за играње. | - Поради тоа што учениците активностите ги поврзуваат и учат визуелно, со цел да се збогати тој капацитет на искуство активностите мора да се одредени според некоја категорија. Една од нив е визуелната структура на училницата во која секоја активност има свое место.<br>- Наставникот прави посебни распореди и шеми на училницата кои се поделени по боја за различните активности. |
| - да се поттикне за користење на говорот како средство за нови контакти;<br>- да ја развива мускулатурата на говорните органи во функција на правилна артикулација при комуникација;<br>- да се поттикне за користење на говорот како средство за меѓусебно разбирање; | - Говорот во комуникацијата | - Сакам,<br>- не сакам,<br>- балон,<br>- пеам. | - Реализација на активности со предмети, кои ученикот ги посакува (ги гледа како можност а, чека да му бидат понудени).<br>- Мотивирање да бара предмети и активности кои ги сака:<br>- пеење;<br>- дување балон;<br>- дување балони од сапуница.<br>- Мотивирање за изразување на своите потреби вербално. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се поттикне за користење на говорот како средство за изразување на своите чувства. | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката**:<br><br>- да се запознае со сликовниците; | - Запознавање со сликовницата | - Слика,<br>- сликовница,<br>- страни. | Обработка на:<br>- илустрација;<br>- текст од сликовница. |
| - да стекне претстава за сликовниците од тактилен аспект; | | | |
| - да стекне претстава за употребата на сликовницата (правецот на вртењето на страниците); | | | |
| - да се поттикне за слушање и доживување на содржината од сликовниците; | - Сликовница<br>- Слики<br>- Илустрации | - Доба,<br>- лош,<br>- потоа. | - Наставникот чита или раскажува содржина од сликовницата (ги покажува сликите и прави драматизација).<br>- Ги именуваат ликовите од сликите/сликовницата.<br>- Редат настани хронолошки. |
| - да се поттикне за помнење преку настаните во содржината од | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сликовниците; | | | |
| - да се поттикне за откривање и доживување на ликовите и дејствата во сликовниците; | | | |
| - да стекне претстава за постапност на настаните во содржината од сликовницата. | | | |

## ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ ученичката**:<br>- да се запознае со различните видови медиуми; | - Телевизор<br>- Весник<br>- Радио | - Телевизор,<br>- весник,<br>- радио. | - Наставникот на учениците им овозможува да го допрат конкретниот медиум.<br>- Им покажува како функционира и како се употребува медиумот.<br>- Заедно со учениците го користат медиумот (гледаат телевизија, прелистуваат весник, слушаат радио). |
| - да се запознае со медиумите од тактилен аспект; | | | |
| - да научи да ги употребува медиумите; | | | |
| - да се оспособи за следење филмови, емисии и цртани филмови на телевизија; | - Гледање филмови, цртани филмови, емисии, реклами | - Цртан филм,<br>- реклами,<br>- филм,<br>- емисија. | - Заедничко гледање цртан филм, реклами, филм или емисија (со објаснување доколку е потребно). |
| - да се оспособи за прелистување на печатените медиуми и детските списанија; | - Прелистување на весници | - весник | - Заедничко прелистување весници и списанија со објаснување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособи за користење на радио апаратот | - Слушање радио-музика | -Радио,<br>- музика. | - Заедничко слушање радио/музика. |

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПОДГОТОВКА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ**

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ ученичката**:<br><br>- да развие свест за присуството на сликовницата како извор на информации и на емоции; | - Запознавање со сликовницата и начинот на нејзиното користење | - Добар,<br>- лош,<br>- сликовница,<br>- слика. | - Наставникот заедно со учениците разгледува сликовници.<br>- Учениците прелистуваат сликовници.<br>- Коментираат за содржината, сликите и илустрациите во сликовницата. |
| - да развие претстава за сликовницата од тактилен аспект; | | | |
| - да се поттикне желба за прелистување на сликовницата; | | | |
| - да стекне претстава за правецот на вртење на страниците; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да научи да ги следи илустрациите во сликовницата;<br><br>- да ја разбира содржината на илустрациите во сликовниците;<br><br>- да ги разликува сликовниците според нивната содржина;<br><br>- да го разбира текот на настаните во содржината на илустрациите;<br><br>- да го запомнува текот на настаните во содржината на илустрациите; | - Илустрации во сликовниците | - Добар,<br>- лош,<br>- сликовница,<br>- слика,<br>- потоа. | - Наставникот и учениците разгледуваат сликовници и коментираат за содржината, сликите и илустрациите во сликовницата.<br>- Учениците ги набљудуваат ликовите во сликовниците.<br>- Наставникот ја драматизира содржината од сликовницата.<br>- Учениците раскажуваат настани според редоследот на случувањата.<br>- Ги споредуваат различните сликовници и кажуваат за кого се зборува во нив. |
| - да се запознае со големите печатни букви и нивната фонетска вредност;*<br><br>- да ги препознава и изговара буквите од азбуката;*<br><br>- да се оспособи да ги прецртува буквите според модел;<br><br>- да се оспособи за поврзување (буква-глас); | БУКВИ*<br>(големи печатни букви)<br>(Напомена: бидејќи учениците со аутизам не можат даправат дистинкција на буквите:мала, голема, ракописна, печатна, ги учат само големите печатни букви) | - Буква<br><br>(Напомена: учениците со аутизам поради неможноста за диференцијација на звучноста на буквите (П-Б; С-З; Т-Д; Ф-В, К-Г..), буквите ги учат според стандардизи-ран редослед за сите | - Игри со картички на кои има големи печатни букви.<br>- Активности со поврзување на буквата со гласот.<br>- Вежби за имитација на пишување на буквите.<br>- Активности за прецртување на буквата по модел.<br>- Вежби за изговарање на гласот според знакот.<br>- Вежби за пишување на знакот според гласот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се оспособи фонемата да ја претставува како графички знак и обратно; | | ученици со аутизам, а, по потреба, наставникот треба да изготви и индивидуален редослед) | * Обработка на буквите според стандарден редослед за учениците со аутизам:<br>**прва фаза:**<br>1) А-М-С;<br>2) Е-К-Л;<br>3) И-Д-З;<br>4) О-П-Ф;<br>5) У-Т-В;<br>6) Ј-Н-Б;<br>7) Ж-Г-Р.<br>**втора фаза:**<br>8) Ч-Х-Љ;<br>9) Ѕ-Ш-Ќ;<br>10) Ц-Ѓ-Њ-Џ.<br>(Напомена: За време на изучувањето буквите не се употребуваат во рамки на текст.) |
| - да се оспособи за седење и работа на клупа; | -Активности на клупа | - Клупа,<br>- столче,<br>- свое место. | - Активности и игри со седење на клупа на свое место што ќе го препознава. |
| - да се запознае со приборот за пишување;<br>- да ја разбере функцијата на приборот за пишување;<br>- да се оспособи за користење на приборот за пишување;<br>- да се оспособи за писмено изразување; | - Запознавање и користење на приборот за пишување | - Молив,<br>- хартија,<br>- гумичка,<br>- креда,<br>- табла,<br>- ѕид,<br>- пишува,<br>- брише. | - Објаснување и покажување од страна на наставникот како се користи приборот за пишување.<br>- Истражување од страна на ученикот со средствата и подлогите за пишување (молив, хартија, креда, табла, ѕид).<br>- Активности за самостојно изразување на хартија, табла, ѕид. |
| - да се поттикне кон зголемување на времетраењето на вниманието при пишувањето; | Вниманието во пишувањето | | - Вежби за одржување на вниманието.<br>- Активности за пишување на елементи кои го ограничуваат ученикот во просторот на подлогата за пишување. |
| - да се поттикне кон зголемување на концентрацијата при | Концентрацијата во пишувањето | - Молив,<br>- хартија,<br>- гумичка, | - Вежби за одржување на концентрацијата.<br>- Активности за пишување на елементи кои го ограничуваат ученикот во просторот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пишувањето; | | - внимава,<br>- полека. | подлогата за пишување.<br>- Активности за повторување по линија на ситни детали на хартија. |
| - да стекне чувство и претстава за просторот за пишување; | Место и простор за пишување*<br>(Напомена: учениците со аутизам немаат претстава за простор и неговите граници и секогаш прибегнуваат кон пишување на периферијата од површината за пишување) | - Овде,<br>- таму,<br>- пишува,<br>- тука. | - Пишување во одредени означени површини од подлогата за пишување. |
| - да се оспособи за одржување на правецот при пишувањето; | Правец при пишувањето*<br><br>(Напомена: учениците со аутизам немаат развиено претстава за насока, правец и нов ред, затоа се користат најразлични активности и вежби за стекнување способност за водење низ просторот за пишување) | - Пишува,<br>- полека,<br>- од тука,<br>- натаму,<br>- повторно,<br>- продолжи. | - Реди коцки и ситни предмети по нацртана линија во правец од лево кон десно<br>- Повторување по нацртана линија од лево кон десно со започнување нов ред од лево. |
| - да ја развие координацијата: око-рака при пишувањето; | Координацијата: око-рака при пишувањето* | - Пишува,<br>- куќа,<br>- дрво,<br>- круг,<br>- продолжи,<br>- коцка.* | - Поврзува испрекинати линии кои претставуваат цртеж на предмет (куќа, дрво, круг, квадар и др.<br>- Ниже ситни предмети на жица и конец. |
| - да ја развие фината и грубата моторика за пишување; | - Фина и груба моторика во пишувањето*<br><br>(Напомена: учениците со | - Чкртаме,<br>- по линија, | - Самостојно чкртање на хартија со различни бои.<br>- Имитира и повторува ситни детали со разни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | аутизам имаат или изразено груба или изразено фина моторика. Овие содржини имаат за цел и двете способности функционално ра се урамнотежат) | - натаму,<br>- продолжи. | форми, правци и линии и контури.<br>- Повторување на линии и нацртани предмети кои бараат активност на фината и грубата моторна функција. |
| - да се оспособи за трichлен стисок; | - Држење на моливот | - Држи,<br>- молив,<br>- стисни,<br>- пишува. | - Пишување со користење на помагало (сонда) за учење на трichлен стисок.<br>- Пишување со помош на молив/боица со адаптирана тежина и отпор со додавање на вишок тежина на истите. |
| - да се оспособи за пишување различни видови линии; | - Линии | - Линија,<br>- боја,<br>- натаму,<br>- продолжи. | - Повторување по однапред нацртани линии во различен правец.<br>- Повторување на прави линии.<br>- Повторување на група линии со различна боја, со запазување на редоследот на боите. |
| - да се оспособи да го запазува редоследот на линиите при нивно имитирање, според модел; | | | |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- ***<u>Насоки за меѓупредметно поврзување:</u>***

При реализацијата на предметот македонски јазик треба се постигне корелација и интегрирање со сите предмети кои се изучуваат во првото одделение.

Јазичниот дефицит, значителните разлики меѓу пасивниот и активниот говор, граматичката структура како сложен дел на говорната активност укажуваат на неопходноста од многу внимателно индивидуализирано планирање и организирање на наставата за учениците со аутизам..

Треба да се почитуваат принципите на постапност и систематичност, принципите на трајност на знаењата, умеењата и навиките, индивидуализираниот пристап и секако, принципите на нагледност.

Наставникот преку вежбање и стимулирање треба да обезбеди активно внимание како предуслов за секое учење ( да се навикнуваат да слушаат и да се поттикнуваат да ги зголемуваат интервалите (времетраењето) на активното внимание.

Најголемо поврзување со предметот запознавање на околината се сретнува при богатењето на детскиот речник со нови зборови, при откривањето нови претстави, поими и знаења, при реализацијата на истражувачките активности, како и целите и активностите кои се однесуваат на програмската целина „Комуникација". Поврзувањето со овој предмет доаѓа до израз во делот за себеизразувањето во наведената програмска целина.

Најголемо поврзување со предметот ликовно образование се постигнува при реализацијата на целите кои бараат илустрација на содржините и доживувањата, од кои најголем дел припаѓаат на целината „Литература". Поврзување со овој предмет наоѓаме и во поглед на целите кои се однесуваат на координирањето на движењата на раката, телото, како и на раката и окото за (цртање на елементи од предмети во природата).

Во однос на координирањето на движењата, поврзување се сретнува и со предметот физичко и здравствено образование.

Поврзувањето со предметот математика е потребно, во најголема мера, при обработката на содржините кои се однесуваат на групирањето на зборовите според определена група.

Со музичкото образование се сретнува потреба од поврзување во делот на говорното творештво, особено за доживувањето на музиката кое се претставува вербално, како и за потребите на творење текст, инспириран од музички ефекти и од слушање музика.

- ***Препораки за користење на годишниот фонд на часови:***

За секое предвидено подрачје е предложен определен годишен фонд на часови, односно:

- **Комуникација - 80 часа**
- **Литература - 60 часа**
- **Изразување и творење - 26 часа**
- **Медиумска култура - 20 часа**
- **Подготовка за почетно читање и пишување - 30 часа**

Од предвидениот вкупен фонд на часови по програмски подрачја дозволени се отстапувања во согласност со специфичностите на средината во која се наоѓа училиштето. Имено, бројот на часовите за нив треба да се приспособи кон потребите во конкретното училиште (животната средина од која доаѓаат децата, нејзиниот културно-социјален и образовен статус, претходна подготовка на учениците, претходна посета на предучилишна институција и индивидуалните можности и потреби на учениците). Во тој контекст некои содржини ќе се повторат повеќепати за сметка на други кои ќе се работат со помал фонд на часови.

- ***Методи, форми и средства на наставната работа***

За сите програмски подрачја, предвидени за предметот македонски јазик, се препорачува користење и нужно комбинирање на сите **интерактивни, актуелни и современи** методи, форми и средства на наставна работа, со акцент врз: **методот на игра, методот на решавање проблеми и откривачкиот (истражувачкиот) метод** како најсоодветни на спецификите на учењето кај учениците на актуелната возраст.

- ***Индивидуализиран приод во наставната работа***

Во согласност со научните сознанија за разликите во развојот на децата, потребно е приспособување на наставната работа кон развојните и индивидуалните потреби и достигнувања на учениците. Имено, потребна е примена на техники и стратегии кои го преферираат **индивидуалниот приод** во реализацијата на наствната работа со учениците.

- ***Вклучување на родителите во наставната работа***

Семејството е првото училиште на децата и најважен фактор во детскиот развој. Во тој контекст, во реализацијата на целите, содржинте и активносите од наставниот предмет македонски јазик треба да се обезбеди **кооперативна комуникација со родителите на учениците и нивно вклучување во работата на училиштето,** во функција на: развој и поддршка на односот родител-ученик; едукација и развој на говорната култура во семејството; реализирање на некои цели и содржини од програмата и од литературните настани во рамките на училиштето; информираност на родителите; размена на искуства во поглед на специфичностите на ученикот и постапките кон него и сл.

- ***Наставни средства:***
  - За реализација на наставната работа по предметот акедонски јазик во I одделение **се препорачува користење** методски прирачници за реализација на наставата и воспитно-образовната дејност по македонски јазик, како и прирачници и збирки на дидактички и говорни игри.
  - **Извори на учење во непосредната околина**: рекламни натписи, ресурсите од опкружувањето кои ќе се набљудуваат, опишуваат и подражаваат, објекти од културен, едукативен, јавен и услужен вид (продавница, кино, театар, библиотека, автобуска станица и сл.), комуникациски и односни ситуации меѓу луѓето во училиштето, во семејството и во опкружувањето.
  - **Енциклопедии за деца во издание на популарни и верифицирани издавачки куќи**
  - **Компјутерски образовни софтвери** за богатење на говорната и јазичната култура- **тоолкид-програмата и други верифицирани мултимедиски ЦД** со соодветни едукативни игри .
  - **Традиционално потврдени, одобрени и верифицирани списанија за деца, соодветни на возраста.**
  - **Литература за деца од познати македонски и странски детски писатели (која содржински, естетски и вредносно одговара на возраста на учениците).**
  - **Аудиовизуелни, аудитивни, визуелни средства и средства со кинетички својства:** ТВ-програми, детски емисии, анимирани и играни филмови за деца; видеокасети, ДВД и ЦД-дискови со анимирани и играни филмови и со народни и уметнички текстови, со снимени настани, родендени, театарски и куклени претставиi и сл.; аудиокасети со снимени звуци; различни гласови, снимени вести, уметнички прочитани текстови; апликации, слики, макети; куклени и театарски сцени; подвижни предмети со звучни ефекти и други предмети во зависност од потребите на предметот- примерени спрема возраста, можностите и потребите на учениците со пречки во психичкиот развој.
  - **Од телевизиската едукативна програма се сугерираат следниве емисии и серии:**
    - *Фифи* - краткометражна цртана серија;
    - *Ноди* - краткометражна цртана серија;
    - *Пчеличката Маја* - анимирана серија;
    - *Балтазар* - краткометражен анимиран филм;
    - *Барајќи го Немо* - долгометражен анимиран филм;
    - *Кралот Лав* - долгометражен анимиран филм;
    - *Вини Пу* - долгометражен анимиран филм;
    - *Снежана и седумте џуџиња* - долгометражен анимиран филм;
    - *Пепелашка* - долгометражен анимиран филм; и
    - *Мечето Ушко.*

- **Од Македонската продукција:**
  - *Разиграни бројки* - анимирана серија;
  - *Патување со Рабробил* - играно-куклена серија;
  - *Бушава азбука* - играна серија;
  - *Боенка* - играно-анимирана серија;
  - *Биди и Бади* - играна серија;
  - *Во светот на бајките* - играна серија;
  - *Зоки Поки* - играна серија;
  - *Шарам барам* - играна серија;
  - *Македонски народни приказни*; и
  - *Наше маало*.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување, со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реалзирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, емоционалнот развој и физичкиот развој.

***ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Во текот на наставата по македонски јазик во првото одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- Собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.
- Тековни (формативни), однапред подготвени, евалуациски листи за секој ученик, кои се пополнуваат по секоја негова конкретна активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба.
- Инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно. Во нив, наставникот внесува **податоци за постигнувањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти** кои се поттикнуваат со програмата по македонски јазик (когнитивно-интелектуален, социоемоционален, социјален и психомоторички аспект). ***Евалуациските листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на нивото на првото одделение и не се преодни за повисокото одделение.***

***МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

*На крајот од второто тромесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативното оценување*

***СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување, наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

***ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО***

- Портфолиото во текот на целата година треба да им е достапно на родителите за да може и тие да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
- Завршната, аналитичко-описна оцена се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

***НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во согласност со природата на програмата по предметот македонски јазик во првото одделение, во која нема описменување, проверување и описно оценување треба да се реализираат ***усно, практично, преку презентација и говорни вежби, или сликовно - писмени вежби со подвлекување, заокружување и сл.***

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор и на наставните средства за I одделение донесен од министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа за прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. О6. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник за посебно образование, БРО - Скопје
2. Спасе Додевски дефектолог, ОУ „Сандо Масев" - Струмица

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по македонски јазик за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со аутизам ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1961/1
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

---------------------------------------------

Перо Стојановски,
министер за образование и наука

Скопје ___________________________